Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/02 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 21 став 1 точка 11, а во врска со член 1 став 1 точка 5 од Статутот на општина Пробиштип Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 29.01.2026 година ја усвои следната:

# ПРОГРАМА
## За изменување на Програма за социјална детска и здравствена заштита за 2026 година

Со оваа Програма за изменување на Програмата за социјална детска и здравствена заштита во Општина Пробиштип за 2026 година, се врши изменување на Програмата за социјална детска и здравствена заштита во Општина Пробиштип за 2026 година бр. 26-1101/22 од 09.12.2025 година, објавена во Службен гласник на Општина Пробиштип бр. 12/2025 година, и тоа:

**Програма Т1.**

Точката 2 (Активности во детската заштита), мерката - Остварување на право на партиципација во трошоците за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст во ЈОУДГ „Гоце Делчев“ Пробиштип за дете чии месечните приходи на родителите не надминуват од 70.000,00 денари, износот „70.000,00 денари” се заменува со „60.000,00 денари”.

Број 26-134/13
29.01.2026 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Бојан Серафимовски